Deloitte.



# 2021 Извештај за транспарентност

## Deloitte ДОО Скопје

31 март 2022

# Содржина


| | |
|---|---|
| Содржина | 1 |
| Изјава на раководството на Deloitte ДОО Скопје | 2 |
| Мрежата на Deloitte | 3 |
| Како Deloitte придонесува на пазарот на капитал | 7 |
| Внатрешен и надворешен мониторинг на квалитетот на ревизија | 16 |
| Независност, етика и дополнителни обелоденувања | 21 |
| Прилози | 26 |
| Прилог А \| Финансиски информации | 27 |
| Прилог Б \| Список на Друштва | 28 |

# Изјава на раководството на Deloitte ДОО Скопје [1]



Друштвото за ревизија, консалтинг и даночни услуги Deloitte ДОО Скопје (во понатамошниот текст “Друштвото”), како друштво за ревизија кое врши законска ревизија на годишните финансиски извештаи на друштвата од јавен интерес, издава годишен Извештај за транспарентност во согласност со Законот за ревизија на РСМ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/21).

Сите податоци кои се наведени во приложениот извештај се однесуваат на позицијата на Друштвото на 31 декември 2021 година, освен ако не е поинаку назначено.

Во согласност со Законот за ревизија (Службен весник на Република Македонија бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16, 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/21) Друштвото изјавува дека:

- Имплементира ефективен систем за контрола на квалитет преку интерните политики и процедури за контрола на квалитетот како основа за планирање и извршување на ангажманите.
- редовно спроведува постапки за проверка на независноста, кои се однесуваат на независноста на работата на Друштвото во однос на клиентите и ревизорскиот ангажман, и потврдува дека е спроведен редовен преглед за почитувањето на независноста.
- обезбедува континуирано професионално усовршување за лиценцираните овластени ревизори.

Александар Аризанов, Директор
Deloitte ДОО Скопје
31 март 2022

[1] Во текот на овој извештај, изразите „Deloitte, ние, нас и нашите“ се однесуваат на една или повеќе од една од Deloitte Touche Tohmatsu Limited, нејзината мрежа на фирми-членки и нивните поврзани субјекти. За повеќе информации во врска со мрежата на Делоит, видете на стр. 3 или на https://www2.deloitte.com/global/en/pages/about-deloitte/articles/about-the-network.html

# Мрежата на Deloitte

## Deloitte Северна Македонија: правна, сопственичка и управувачка структура

Deloitte ДОО Скопје е поврзан со мрежата на Deloitte преку Deloitte Central Europe Holdings Limited, фирма членка на Deloitte Touche Tohmatsu Limited. Deloitte Central Europe, заедно со Deloitte France, Deloitte Germany, Deloitte Luxembourg, Deloitte Austria, Deloitte Portugal и Deloitte Turkey е акционер во Deloitte DCE GmbH ("DCE"), што фирма членка на Deloitte Touche Tohmatsu Limited. Целта на DCE е поттикнување на соработката меѓу акционерите како членови на глобалната мрежа на Deloitte. DCE не обезбедува професионални услуги ниту се ангажира во комерцијални активности.

Deloitte ДОО Скопје во понатамошниот текст е означен како „Deloitte Северна Македонија”. Deloitte Central Europe, како организација на правни лица под закрила на Deloitte Central Europe Holdings Limited во понатамошниот текст е означен како „Deloitte Central Europe”. Deloitte Central Europe Holdings Limited има право да пружа професионални услуги под името „Deloitte” кое е проширено на друштвата на Deloitte, секое на своја територија, (Deloitte Central Europe), вклучувајќи го и Deloitte Северна Македонија. Deloitte Северна Македонија извршува ревизорски услуги за клиенти во Северна Македонија.

## Опис на мрежата

**Мрежата на Deloitte**

Мрежата на Deloitte (позната и како организација Deloitte) е глобално поврзана мрежа на фирми членки и нивни соодветно поврзани субјекти кои работат во повеќе од 150 земји и територии во светот. Овие посебни и независни друштва-членки работат под еден ист бренд.




**Deloitte Touche Tohmatsu Limited** *(DTTL или Deloitte Global)*
Deloitte Touche Tohmatsu Limited е приватно, правно лице со ограничена одговорност од Обединетото Кралство. DTTL има улога на координативно тело на своите фирми-членки и нивните соодветно поврзани субјекти со наметнување на обврска за придржување кон политиките и протоколите со една цел – промовирање на постојано високо ниво на услуги, професионално однесување и услуги низа целата мрежа на Deloitte. DTTL не пружа услуги на клиентите, ниту насочува, раководи, контролира или поседува удел во било која од фирмите-членки или нивните поврзани субјекти.

„Deloitte” е бренд под кој приближно 345.000 посветени професионалци во независни фирми ширум светот соработуваат за да обезбедат ревизија и уверување, консултации, финансиски-советодавни услуги, советување за ризици, даночни и сродни услуги на избраните клиенти. Овие фирми се членки на DTTL. DTTL, овие фирми членки и секој од нивните соодветни субјекти ја формираат „организацијата Deloitte“. Секоја фирма-членка на DTTL и/или нејзините поврзани правни лица пружаат услуги во посебни географски области и подлежат на законите и професионалните регулативи на одредена земја или земји, во кои работи. Секоја фирма-членка на DTTL е

структурирана во согласност со националните закони, регулативи, вообичаена практика и други фактори и може да обезбеди професионални услуги на соодветните територии преку поврзаните субјекти. Не секоја фирма-членка на DTTL или нејзините поврзани субјекти ги обезбедува сите услуги, а одредени услуги може да не бидат достапни за потврда на клиенти според правилата и прописите на јавното сметководство. DTTL, и секоја фирма-членка на DTTL и секој нејзин поврзан субјект, се правно одделени и независни субјекти, кои не можат да се обврзуваат или поврзуваат едни со други во однос на трети лица. DTTL и секоја фирма-членка на DTTL, и нивните поврзани соодветни субјекти, се одговорни само за сопствените дела и пропусти, а не на другите. Организацијата Deloitte е глобална мрежа на независни фирми, а не партнерство или единствена фирма. DTTL не пружа услуги на клиенти.

## Deloitte Северна Македонија: управувачка структура – раководство

Deloitte Северна Македонија е друштво со ограничена одговорност, формирано во согласност со законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на бул. Свети Климент Охридски бр.52-11, 1000 Скопје, и матичен број 4881427.

Раководството на Deloitte Северна Македонија е одговорно за управувањето и раководењето на одделот за Ревизија и уверување. Нивните задачи вклучуваат: одобрување на локалната деловна стратегија за ревизија и уверување како финансиските аспекти на локалните деловни планови.

Во продолжение се основачите и сопствениците на удел во Deloitte Северна Македонија:

### Deloitte Северна Македонија – Основачи и сопственици

**Deloitte Central Europe Holdings Limited,** со седиште на улица Lampousas 1, P.C. 1095, Никозија, Кипар – 24% удел (3.888 ЕУР);

**Deloitte d.o.o. Beograd,** со седиште на улица Теразије 8, Белград, Република Србија – 25% удел (4.050 ЕУР);

**Александар Аризанов,** Овластен ревизор од Скопје – 51% удел (8.262 ЕУР);

Приоритетна дејност: Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување (шифра: 69.20)

### Годишно осигурување од одговорност во согласност со Законот за ревизија:

**Издавач на полисата:** Еуролинк Осигурување АД
**Минимална сума на покривање:** 24.600.000 МКД
**Број на полиса:** 130310002766/00
**Период на осигурување:** Важи на датумот на овој извештај

### Број на вработени:

| | |
|---|---|
| **Број на вработени лица во субјектот, согласно Законот за работни односи, со состојба на 31 декември 2021** | 7 вработени на неопределено, полно работно време |
| | 2 вработени на определено, полно работно време |
| **Состојба на датумот на објавување на Извештајот (31.03.2022)** | 7 вработени на неопределено, полно работно време |
| | 2 вработени на определено, полно работно време |

Друштвото за ревизија, консалтинг и даночни услуги Deloitte ДОО Скопје, со седиште на бул. Свети Климент Охридски бр.52-11, во Скопје, е основано на 08.07.1994 година и запишано во Централниот регистар на РСМ – ЕМБС 4881427. Истото е заведено во регистарот на ИОРРМ под бр. ДР011 и поседува лиценца издадена од СУНР со бр.09 од 02.07.2013 година. Правната форма е друштво со ограничена одговорност.

Друштвото за ревизија, консалтинг и даночни услуги Deloitte ДОО Скопје е друштво кое е овластено и регистрирано за вршење на ревизија на финансиски извештаи во Република Северна Македонија. Друштвото е заведено во регистарот на ревизорски друштва на Министерството за финансии на РСМ и поседува Решение за издавање на дозвола за работа број 09-32635/1 од 28.01.2005 година.

Друштвото, во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва го управува Собрание кое го сочинуваат сите членови на Друштвото.

Друштво има двајца управители: Оливера Андријашевиќ и Александар Аризанов.

Раководството на Deloitte Северна Македонија е одговорно за сите активности, квалитетот на ревизијата, вклучувајќи ја и усогласеноста со професионалните стандарди и законските барања кои се применуваат во земјата. Стратегијата на Deloitte Северна Македонија е во согласност со насоките за целокупната стратегија на мрежата на Deloitte.

# Нашата цел и посветеност: обезбедување сигурност и доверба

Целта на Deloitte Северна Македонија е да оставиме трајно влијание кое прави разлика на пазарот. За ревизијата и уверувањето, ова се однесува на фокусирањето кон извршување на независни ревизии со висок квалитет и обезбедување сигурност и доверба на пазарот на капитал преку услугите кои ги пружаме. Поради тоа, од нас се бара постојано градење на капацитетите за поддршка на извршувањето на ревизорските услуги со највисок квалитет и постигнување на водечки придонес во иднината на ревизорската професија.



# Како Deloitte со услугите на ревизија и уверување придонесува на пазарот на капитал

**Клиентите за ревизија од Deloitte Северна Македонија**

Во нејзините напори да ги поддржи пазарите на капитал, функцијата на ревизија и уверување на Deloitte Северна Македонија е фокусирана на ревизија на клиентите каде му служи на јавниот интерес и каде што Deloitte Северна Македонија има способност и капацитет да врши квалитетни ревизии со објективност и во согласност со применливите етички и професионални стандарди.

Deloitte Северна Македонија има детални политики и процедури за прифаќање на нови клиенти и ангажмани, како и проценка на ризикот од ревизорското ангажирање. Овие политики и процедури се дизајнирани со цел Deloitte Северна Македонија да ги прифаќа само оние ангажмани:

- За кои Deloitte Северна Македонија има компетентност, како и потребните способности и капацитети, вклучувајќи време и ресурси;
- За кои Deloitte Северна Македонија ги исполнува релевантните етички барања и професионални стандарди, вклучувајќи проценка на независноста и конфликтот на интереси;
- Кај кои Deloitte Северна Македонија го има земено предвид интегритетот на раководството на потенцијалниот клиент.

## Трансформација на услугите за ревизија и уверување

Од суштинско значење е ревизијата и уверувањето да бидат значајна професија во иднина, со одржливи деловни практики кои ќе се развиваат заедно со развојот на технологијата и општеството. За да се постигне оваа цел, Deloitte започна иницијативата за трансформација на услугите за ревизија и уверување, која се развива и имплементира во целата мрежа на Deloitte како и во Deloitte Северна Македонија.

Трансформацијата на услугите за ревизија и уверување е многу важна промена во начинот на кој стручниот кадар на Deloitte работи во рамките на мрежата и го вклучува следново:

| | |
|---|---|
| Начинот на Deloitte: стандардизација на ревизорските процеси со поддршка на нашиот технолошки пакет на алатки | Мониторирање на квалитетот на ревизијата во реално време |
| Унапреден талент-модел кој вклучува обуки, награди и признанија, центри за исклучителна успешност и центри за поддршка | Прилагодлива употреба на алатките и технологијата за одговор на промените во околината |

## Иновации во ревизијата

Со начинот на работа, Deloitte Северна Македонија внесува иновации во јадрото на тоа како вршиме ревизија: со автоматизација што ги подобрува рутинските задачи, аналитика што дава подлабок и подобар преглед на податоците и вештачка интелигенција што го подобрува резултатите на човечкото откритие и решавањето на проблеми. Како резултат на овие иновации, клиентите добиваат искуство што е помалку оптоварувачко, со поголема транспарентност и подлабок увид.

Иновациите се очекувани во денешниот деловен свет кој се одликува со брзи промени и развојните технологии, и таквото очекување се однесува и на ревизорската професија. Денешното сложено деловно опкружување бара ревизијата да биде динамична, повеќедимензионална и проникнива. Постои побарувачка за релевантни информации во реално време, а клиентите очекуваат ревизијата да се развива паралелно со иновативноста на нивните деловни активности и процеси. Ревизорите на Deloitte Северна Македонија ги унапредуваат процедурите користејќи интензивна аналитика на податоци, како и когнитивни и *cloud* – базирани технологии како што е вештачка интелигенција (AI). Ова делумно се должи на зголемената автоматизација и ефективност кои таквите алатки можат да ја обезбедат, но и потребата Deloitte Северна Македонија да ја одржува водечката улога во примената на напредни технолошки решенија, чекор понапред од клиентите.

Deloitte Северна Македонија е посветен на континуираната инвестиција во новите технологии и разновидноста на мислата што овозможува испорака на подобрен квалитет, увид и зголемена вредност до нашите клиенти и пазари. Deloitte го лансираше *Deloitte Omnia,* нашата платформа од следната генерација за обезбедување ревизорски услуги базирани на *cloud* како и *Deloitte Levvia*, решение приспособено да поддржува ревизии од мал обем. Понатамошен развој, проширување и широка употреба на двете решенија ќе има во текот на следните неколку години. Deloitte Северна Македонија има и платформа за аналитика и интегриран пакет на иновативни алатки кои се поврзани во *cloud*.



## Известување за еколошки, социјални и менаџмент (*ESG*) прашања

**Финансиско известување денес**

За подобро да се процени отпорноста на корпоративните стратегии на климатските и другите *ESG* прашања, инвеститорите и другите засегнати страни бараат сигурни и споредливи информации за потенцијалното влијание на овие прашања. Овие прашања би можеле да имаат импликации за финансиското сметководство и известување на компаниите, во контекст на постоечките сметководствени стандарди и ревизија на финансиските извештаи. Компаниите применуваат стандарди за финансиско известување како што се Меѓународните стандарди за финансиско известување (*IFRS*) и општоприфатените сметководствени принципи на САД (*US GAAP)*. Ревизорите применуваат ревизорски стандарди како што се оние утврдени од Меѓународниот Одбор за стандарди на ревизија и уверување (*IAASB)*, меѓународни стандарди за ревизија (*ISA*) и стандардите на Одборот за надзор на сметководство на јавните претпријатија (*PCAOB*) во врска со ревизијата на финансиските извештаи. Овие стандарди бараат од ревизорите да ги идентификуваат и да ги оценат ризиците дека финансиските извештаи на компаниите содржат значајни материјални грешки и да дизајнираат и спроведуваат ревизорски постапки како одговор на тие ризици. Deloitte Северна Македонија работи на подигање на свеста за потенцијалните ефекти од климатските и другите *ESG* прашања врз финансиското известување преку обезбедување упатства и насоки, алатки, модели и користење на нејзините најдобри практики.

**Корпоративно известување за иднината**

Покрај тоа, учесниците на пазарот и другите актери бараат подобар увид во корпоративните перформанси, особено барајќи поголема транспарентност во однос на влијанието на *ESG* прашањата и условеноста врз деловниот модел и стратегијата на компанијата. Со текот на времето, голем број тела за поставување стандарди и други организации развија стандарди за известување за мерењето на перформансите и податоци поврзани со *ESG* ризиците и прашањата. Сепак, во моментов не постои глобален механизам за нивно наметнување, Сепак, во моментов не постои глобален механизам за нивно наметнување, ниту пак има барања за уверувања што компаниите би ги усвоиле и на кои доследно ќе се придржуваат. Deloitte Северна Македонија го поддржува предлогот на Меѓународната Фондација за стандарди за финансиско известување (*IFRSF*) за формирање на Меѓународен Одбор за стандарди за одржливост (*ISSB*), кој заедно со Меѓународниот Одбор за сметководствени стандарди и под управување и надзор на *IFRSF*, ќе подготви серија на глобални стандарди.

**Постои зголемен интерес на компаниите да ги вклучат климатските и другите ESG размислувања во нивните системи за внатрешна контрола, и на тој начин да ја подобрат зрелоста на системите, процесите и управувањето со климата и другите ESG информации. Сè повеќе лица и тела одговорни за управување (на пр. ревизорски одбори, одбори на директори) се свртуваат кон инкорпорирање на ESG размислувањата во нивните надзорни одговорности за корпоративното управување - подготвеност на компанијата, вештини за управување и имплементација на процеси и контроли за собирање податоци.**

Deloitte Северна Македонија ги поддржува напорите јавно објавените *ESG* информации да бидат конзистентни, споредливи и доверливи. Услугите за уверување обезбедуваат поголема доверба во информациите за *ESG* прашањата. Deloitte Северна Македонија верува дека услугите за уверување поврзани со *ESG* прашањата што ги даваат ревизорските фирми се корисни. Објективноста, кредибилитетот и интегритетот се квалитетите кои најмногу ги ценат давателите на услуги за уверување. Заедно со независноста, професионалниот скептицизам, посветеноста на квалитетот и соодветното образование, тие се подеднакво важни. Сето ова е покриено со вообичаената структура на ревизорската куќа и дополнително ќе се зајакне со усвојувањето на Меѓународниот стандард за управување со квалитет *(ISQM)* 1, кој стапува на сила во декември 2022 година.

Deloitte ја поддржува тековната соработка на сите учесници во финансиското известување кои работат заедно за да развијат и имплементираат стандарди за мерење, откривање и, конечно, изразување уверување за ESG информациите. Потоа, за да му помогне на светот да ги постигне целите од Парискиот договор, Deloitte ја лансираше *WorldClimate*, стратегија за поттикнување на климатско одговорно одлучување и избор во и надвор од мрежата на Deloitte.



## Корона вирус 2019 (COVID-19)

Најголем приоритет на Deloitte Северна Македонија е безбедноста и благосостојбата на нејзините професионалци. Како што се развива влијанието на COVID-19, инвеститорите и засегнатите страни бараат од ревизорите да дадат независно мислење за финансиските извештаи на компаниите. Deloitte Северна Македонија останува посветен на оваа клучна улога и обезбедува највисок квалитет на ревизии.

Менаџментот на ентитетот и ревизорите се исто такаж под влијание на ограничувањата за патувањеж и барањата да останат дома. Со ограничување на патувањето кое влијае врз персоналот и ревизорите, компаниите можат да добијат информации на нови или на различни начини. Покрај тоа, ентитетот се соочува со значителна неизвесност при донесувањето проценки за идните оперативни резултати и парични текови, тековните прашања и развој на анализа за евалуација итн. Процесот на финансиско известување веројатно бара внимателна анализа и понатамошни разгледувања за влијанието од страна на менаџментот и ревизорите со оглед на моменталното опкружување.

Сите засегнати страни на екосистемот за финансиско известување мора да извршат значителна проценка во ова невидено и несигурно опкружување - владите, при проектирање на должината на затворањето; банкарите, кога одлучуваат дали заемот може да се врати во целост; менаџментот, при проценка дали компанијата може да продолжи да работи како тековен интерес и одборите за ревизија кои обезбедуваат надзор над менаџментот; ревизорите, при проценка на овие проценки; и инвеститорите, при анализа на достапните финансиски информации во однос на овие невидени неизвесности.

Иако постојните рамки за сметководство имаат одредби за несигурности, важно е корисниците на финансиските извештаи и регулаторите да очекуваат поголем степен на пазарна и економска нестабилност во блиска иднина.

Deloitte Северна Македонија ги поздравува јавните изјави и насоки издадени од регулаторите кои ги препознаваат тековните неизвесности и ја нагласуваат важноста за висококвалитетно корпоративно обелоденување насочено кон иднината. Важно е што некои регулатори пренесоа дека обидите за добра волја да им обезбедат на инвеститорите и другите учесници на пазарот соодветно времени информации насочени кон иднината нема да бидат доведени под знак на прашање. Јавноста има корист од поголема транспарентност од различните заинтересирани страни во екосистемот за финансиско известување и подигање на свеста за овие прашања. Ова вклучува давање поголема јасност на одговорностите на менаџментот, одборите за ревизија, компаниите, ревизорите, регулаторите и другите засегнати страни.

Технологијата и инфраструктурата на Deloitte овозможија агилен и брз одговор на различните влијанија на COVID-19. Подготвени сме за разни непредвидени ситуации со цел да ги поддржиме променливите потреби на клиентите и да ги информираме професионалците на Deloitte Северна Македонија додека работат од далечина. Плановите за континуитет на деловните активности на Deloitte Северна Македонија се ажурирани и потврдивме дека производите и решенијата за ревизија и уверување го имаат потребниот опсег за да обезбедат континуитет. Deloitte Северна Македонија го користи ресурсниот центар за техничка испорака за ревизија и уверување - централна локација за сите професионалци на Deloitte Северна Македонија да пристапат до глобално релевантни и локално приспособливи ревизорски ресурси и насоки поврзани со COVID-19. Овие одговори ни овозможија да продолжиме да го зајакнуваме извршувањето на ревизорскиот пристап на Deloitte Северна Македонија во текот на пандемијата поврзани со COVID-19.

Deloitte Северна Македонија, исто така, ги предводеше глобалните иницијативи за разбирање на импликациите од работењето виртуелно за професионалците, за да им обезбеди поддршка за подобрување на тимската соработка и разгледување на нови начини на работа во оддалечена средина. И покрај виртуелното работно опкружување, учењето беше успешно доставено до професионалците на Deloitte Северна Македонија преку виртуелни програми, а ние го користиме ова искуство за континуирано подобрување.

Трансформацијата на извршувањето на ревизијата во сè подинамично работно опкружување го натера Deloitte Северна Македонија да одговори на брзо менувачките потреби и барања на пејзажот на таленти. Бидејќи Deloitte Северна Македонија го организира враќањето на работното место во неколку земји, ги предизвикува своите историски методи на работа и размислува за хибридна работна средина.

Во иднина, Deloitte Северна Македонија ќе продолжи да ги фокусира своите напори и да обезбедува доследно ревизорско искуство на начин кој ги опфаќа очекувањата на клиентите и професионалците кои се развиваат.

## Мултидисциплинарен модел *(MDM)*

***MDM*** е важен фактор за висококвалитетни ревизии. Ревизорите сè повеќе ја користат работата на специјалисти во голем број области, вклучително и помош при евалуација на сметководствените проценки и објективни мерењата при ревизија на финансиските извештаи на компаниите кои се сè покомплексни како резултат на COVID-19. Понатаму, со оглед на тоа што користењето на големите податоци станува се пораспространето во согласност со другите дигитални достигнувања, побарувачката за аналитичари на податоци и *IT*-специјалисти ќе расте соодветно. Меѓу придобивките од ***MDM*** се:

- Се отвора можност да се развие увид во индустриите преку повеќеслоен објектив, кој што им овозможува на ревизорите да го зголемат своето знаење и разбирање на деловните ризици кои се релевантни за извршувањето на ревизијата.
- Секторот ревизија има директен пристап до специјализирани ресурси и експертиза на другите сервисни линии. Се промовира квалитетот на ревизијата до специјализирани ресурси и експертиза во другите сервисни линии. Се промовира квалитетот на ревизијата бидејќи ревизорите можат да ја користат експертизата на професионалците од другите сервисни линии кои што имаат познавање на темите кои често не им се доволно познати на ревизорите.
- Разновидноста на организацијата помага во привлекувањето и задржувањето на најголемите таленти.
- Интелектуалниот капитал е достапен во рамките на мрежата за поддршка на иновациите за процесот на ревизија, технологиите и сл.
- Различни делови од нашиот бизнис растат со различни стапки во различни временски периоди на различни пазари. ***MDM*** на Deloitte Северна Македонија обезбедува заштита од нестабилноста на пазарот, што е важно за долгорочна одржливост на мрежата и отвора можни значителни инвестиции во квалитетот на ревизијата и иновативноста, дури и во време на финансиски притисок врз ревизорскиот бизнис.

Одговорот на Deloitte Северна Македонија на COVID-19 покажува и отпорност при ставање на квалитетот на ревизијата и јавниот интерес, што е дополнително поддржано од значителните придобивки на ***MDM***. Негативните настани кои се однесуваат на квалитетот имаат потенцијал да влијаат на целокупниот бренд на Deloitte Северна Македонија. Поради тоа, секоја од деловните пракси на Deloitte Северна Македонија го дели интересот за поддршка на сите иницијативи за квалитет на ревизијата.



# Професионален развој и управување со перформансите на вработените



Културата на Deloitte Северна Македонија и дизајнот на програмите за учење ги ставаат вработените на прво место. Професионалците од Deloitte Северна Македонија поседуваат одлични технолошки вештини во комбинација со високо ниво на етика, интегритет, професионална скептичност и објективност, како и постојано подобрување на своите вештини и искуство.

Deloitte Северна Македонија е посветен на развојот и напредокот на своите вработени со создавање на средина за постојано учење. Постојано го унапредуваме образованието и вештините од областа на ревизијата, постигнување вештини и нудиме флексибилни кариерни опции кои ќе бидат привлечни за идните ревизори.

Стручниот персонал на Deloitte Северна Македонија со себе носи разновидно образование, знаење и вештини кои ја подобруваат способноста на нашата организација да обезбеди најквалитетни ревизорски услуги.

Покрај тоа, оперативната дисциплина, ефективниот менаџмент и развојот на единствен пристап во извршувањето на ревизиите познат како *The Deloitte Way*, ја обезбедува основата за нашата посветеност кон доследноста во нашите ревизии.

Deloitte Северна Македонија води одржлива фирма за ревизија и уверување која ја препознава работата, ги наградува своите луѓе и постојано инвестира во нивната иднина.

## Иницијативи за учење и развој

Најзначајни за иницијативата за трансформација на ревизијата и уверувањето се многубројните подобрување на искуствата за учење и развој на Deloitte Северна Македонија:

Трансформираниот пристап на Deloitte Северна Македонија во однос на извршувањето на ревизијата им овозможува на професионалците да користат напредна аналитика, да ги употребуваат најновите алатки, технологии и критично размислување, да поминат повеќе време во примена на професионално расудување, како и да добијат подлабоко разбирање на деловната активност и индустријата на клиентот, се со цел подобрување на квалитетот на ревизијата и унапредување на искуството на нашите вработени.

Deloitte Северна Македонија направи значителни инвестиции во стратегиите за таленти и учење и го трансформираше техничкиот курикулум за ревизија со цел да ги изгради квалификациите кои што се бараат за соодветни нивоа:

- Во суштина, имаме една задолжителна програма за усовршување на ревизорите, таргетирајќи ги вработените по нивоа со употреба на динамичен спој од обуки во живо со инструктор како и дигитални курсеви и активности за време на работниот процес.
- Сите ревизори задолжително мора да посетуваат обуки најмалку 40 часа за период за континуирано професионално усовршување (КПУ) секоја година т.е. најмалку 120 часа секои три години преку структурирани, формални програми, како што се интерни или екстерни обуки, семинари, или е-учење п едукација покривајќи ги сите области од моделот на компетентност (на пример, споделени компетенции, технички компетенции специфични за функцијата и компетенции во областите на специјализација).
- Сите професионалци за услуги на клиентите имаат јасно дефинирани очекувања за улоги и Стандардите за таленти ги прикажуваат способностите што се бараат од практикантите на секое ниво.

  Исто така, Deloitte Северна Македонија воведе конкретни можности за учење и усовршување за професионалците кои работат на ревизорски ангажмани, со цел поддршка на нивното знаење и разбирање на процесот на ревизија. Подобрениот проектен менаџмент, како клучна способност при извршувањето на ревизорските ангажмани, е исто така вклучен во годишните програми за развој. Целта на оваа програма за професионален развој во Deloitte Северна Македонија е да им се помогне на партнерите и останатите професионалци да ги одржуваат и подобруваат нивните професионални компетенции и да се обезбеди доследност во извршувањето на ревизијата.

Во текот на првите години на работа, едукацијата првенствено се состои од задолжителни стручни курсеви на тема методологија и процеси на Deloitte Северна Македонија, а понатаму бројот на изборни курсеви се зголемува земајќи ги во предвид различните индивидуални потреби на ревизорите. Индивидуалниот програм на учење е задолжителен почнувајќи од нивото ревизор – сениор (околу 4 години искуство).

Системот за автоматско надгледување на ниво овозможува проверка на статусот на интерните и екстерните курсеви кои ги следи секој ревизор, а кои се организирани со поддршка на DCE. Постојаното стручно усовршување е еден од факторите кои се зимаат во предвид при годишното оценување и напредување во Друштвото.

Сите овластени ревизори во Deloitte Северна Македонија континуирано ги одржуваат и подобруваат своите квалификации преку комбинација на интерни курсеви и семинари за обука организирани од Институтот на овластени ревизори.

Во согласност со Законот за ревизија на РСМ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 122/21), Друштвото изјавува дека обезбедува континуирано професионално усовршување за лиценцираните овластени ревизори.

## Deloitte Универзитет

Deloitte активно ги негува глобалните колективни знаења и вештини на професионалците, преку континуирани инвестиции во Deloitte Universities (DU). Ова се врвни центри за учење и развој кои се фокусираат на културата на Deloitte и чија основа лежи на принципите на поврзаност и лидерство во високо инклузивна средина за учење и развој [2].

### Надомест на партнерите

Извршувањето на ревизијата со висок квалитет се очекува од страна на целокупниот професионален кадар и се однесува на целокупната мрежа на Deloitte. Квалитетот на ревизијата е признаен преку систем на награди и признанија и е вграден во стандардите за перформанси на секое ниво, и истото служи како мерка за целокупните евалуации.

Во согласност со политиките, во Deloitte Северна Македонија оценувањето на партнерите се врши еднаш годишно, а нивниот надомест за одговорност и резултати се коригираат, т.е. се зголемуваат и намалуваат во согласност со постигнатото и планираниот придонес во Друштвото. Конкретно, во предвид се земаат следниве фактори: квалитет, експертиза, интегритет, професионализам, претприемништво и усогласеност.

[2] За повеќе информациизa Универзитетите на Deloitte, погледнете го Deloitte Global Impact Report.

# Најважниот приоритет на Deloitte Северна Македонија - фокусирање на квалитетот на ревизијата

Посветеноста на Deloitte Северна Македонија за квалитетот на ревизијата е од клучно значење за сè што правиме, од воспоставување култура на квалитет и извонредност низ мрежата до деловните и финансиските приоритети и процеси, алатки и технологии што ги користиме при спроведување на ревизиите. Нашите напори да се осигураме дека квалитетот на ревизијата не заостанува зад новите економски, деловни и регулаторни услови, како и технолошкиот напредок, се клучни за растечката улога на Deloitte Северна Македонија во заштитата на јавниот интерес и поддршката на ефикасното функционирање на екосистемот за финансиско известување. Брендот Deloitte Северна Македонија дефинира висококвалитетна ревизија и непоколеблива посветеност на постојано подобрување.



## Посветеност и однос на повисокото раководство

Културата на квалитет и извонредност на Deloitte Северна Македонија започнува со силен став од врвот, почнувајќи од повисоко раководство до менаџери во сите наши канцеларии и ревизорски ангажмани. Фокусот на Deloitte Северна Македонија на квалитетот на ревизијата се манифестира преку директно вклучување на менаџерите на ниво на активност и преку конзистентни пораки кои ја нагласуваат важноста на квалитетот на ревизијата. Неуморното инсистирање на квалитетот на Deloitte Северна Македонија не одредува само што правиме, туку и кои сме.

## Независност, објективност и професионален скептицизам

Спроведувањето на висококвалитетни ревизии бара независност, објективност и професионален скептицизам. Ова значи континуиран и конкретен фокус на клучната улога на Deloitte Северна Македонија во заштитата на јавниот интерес, вклучително и создавање култура на квалитет каде што е од најголема важност да се прави вистинската работа. Како оценувач, Deloitte Северна Македонија постојано ја нагласува важната улога на задолжителното одржување на менталитетот на професионалниот скептицизам во текот на нашата работа. Овој пристап кон ревизијата се рефлектира во многу аспекти на политиките, методите, процедурите и образованието на Deloitte Северна Македонија и е засилен со мерки за контрола на квалитетот и одговорност.

## Ревизорски пристап

Пристапот на Deloitte Северна Македонија за висококвалитетна ревизија вклучува ревизорска методологија заедничка за сите во мрежата на Deloitte, надополнета со алатки за ревизија што ги користат нашите професионалци за планирање, извршување, следење, преглед, документирање, заклучување и соопштување на резултатите од секоја ревизија. Пристапот на Deloitte Северна Македонија кон ревизијата е поддржан од професионални стандарди. Оваа ревизорска методологија е динамична - постојано се развива за да биде во чекор со променливите барања на инвеститорите, компаниите и другите засегнати страни. Таа препознава дека напредокот во достапноста и управувањето со големи збирки податоци и во статистичката наука се важни за понатамошно подобрување на квалитетот на ревизиите на Deloitte. Ревизорската методологија на Deloitte Северна Македонија е заснована на ризик, фокусирајќи се на состојбата на сметките во финансиските извештаи, обелоденувањата и основните тврдења кои оправдано може да содржат материјални грешки.

## Процеси за поддршка на стручниот кадар на Deloitte Северна Македонија при вршење на висококвалитетни ревизии

Ресурсите што ги користи стручниот кадар на Deloitte Северна Македонија при спроведување на ревизии вклучуваат алатки кои се интелектуална сопственост на Deloitte, упатства, други материјали и практични помагала што се користат при спроведување на ревизиите, а кои се достапни за нашите вработени во техничката библиотека на Deloitte, обемна онлајн библиотека. Deloitte Северна Македонија редовно издава инструкции од областа на сметководството и ревизијата до нашиот стручен кадар и информира за иновации кои можат да влијаат на квалитетот на ревизијата.

## Консултации

Размислувањата за квалитетот и управувањето со ризикот се составен дел од ревизорската работа на Deloitte Северна Македонија. Затоа Deloitte Северна Македонија смета дека консултациите се суштински процес на соработка - процес кој помага да се утврдат и формулираат најсоодветните одговори на сложените прашања. Политиките за консултации на Deloitte бараат документирање, разбирање и примена на заклучоците. Покрај формалните консултации, секогаш кога им се потребни дополнителни информации или ставови, партнерите и тимовите на ангажманот се охрабруваат да побараат помош од Тимот за квалитет на ревизија или други во организацијата кои имаат специјално знаење.

## Систем за контрола на квалитет

Deloitte Северна Македонија верува дека ефективен систем за контрола на квалитетот е од клучно значење за доследно спроведување на висококвалитетни ревизорски ангажмани. Затоа, продолжуваме да правиме значителни инвестиции во вработените, процесите и технологиите на кои се засноваат процесите за контрола на квалитетот во Deloitte Северна Македонија. Регулаторите и телата за дефинирање на стандарди во Deloitte Северна Македонија и во светот, исто така, се фокусирани на понатамошно подобрување на системот за контрола на квалитетот во деловните претпријатија.

Во декември 2020 година, *IAASB* издаде нов, ревидиран пакет стандарди за управување со квалитет, вклучувајќи го и Меѓународниот стандард за управување со квалитет *(ISQM)* 1, кој стапува на сила на 15 декември 2022 година, фокусирајќи се на управување со квалитетот на ниво на претпријатие.

Активностите на Deloitte Северна Македонија за имплементација на *ISQM 1* се во голема мера веќе во тек, преку работа со менаџерите во Deloitte Северна Македонија, како и пошироко во мрежата, за понатамошно развивање на нашиот проактивен пристап за управување со квалитетот на ангажманот што го вршиме - идентификување и решавање на ризиците преку квалитетот на ревизијата и преку поттикнување на континуирано подобрување на процесот на контрола на квалитетот.

Во согласност со културата на Deloitte Северна Македонија на постојано подобрување и иновации, овие активности за поставување стандарди ни даваат можност да се тестираме - со испитување на оние области каде што можеме дополнително да го поддржиме и трансформираме системот за контрола на квалитетот. Квалитетот на ревизијата е секогаш во првите редови и во центарот на сѐ што правиме, а робусните процеси за следење и мерење на квалитетот играат неизбежна улога во нашата способност постојано да се подобруваме.

# Внатрешен и надворешен мониторинг на квалитетот на ревизија

## Мониторинг и мерење на квалитетот на ревизијата

Континуираниот фокус на квалитетот на ревизијата е од клучно значење за брендот на Deloitte. Исклучително важно е ревизиите на Deloitte Северна Македонија да се извршуваат конзистентно, со висок квалитет, насекаде во светот.

Целите на мониторингот и мерењето на квалитетот на ревизијата *(AQMM)* се:

- Трансформирање на начинот на кој што се мониторира и мери квалитетот на ревизијата и начинот на кој што се решаваат недостатоците; и
- Зајакнување на внатрешниот систем за контрола на квалитетот кој што го следат сите фирми членки на мрежата на Deloitte.

AQMM програмата се фокусира на поттикнување:

- Континуиран, конзистентен и интензивен мониторинг на завршени и тековни ангажмани;
- Фундаментално разбирање на недостатоците и навремено, конзистентно извршување на корективните дејства од страна на сите фирми членки;
- Поголема транспарентност и доследност во известувањето на клучните мерки за квалитет на ревизијата.

Deloitte Северна Македонија применува политики и процедури со цел да ја подобри деловната култура врз основа на ставот дека квалитетот е највисок приоритет. Deloitte Северна Македонија е фокусирана на професионалната извонредност како основа за постигнување трајна ревизорска услуга со врвен квалитет.

# Мониторинг и мерење на квалитетот на ревизијата



## Тековен мониторинг

Континуираниот мониторин на квалитетот на ревизијата од страна на Deloitte Северна Македонија придонесува за побрз одговор на ревизорските прашања кај ангажманите кои се во тек, обезбедувајќи идентификација, навремени решенија и корективни дејства во реално време кои се постигнуваат со:

- Распоредување и следење на серија основни методи за дијагностика, овозможување на партнерите и тимовите на ангажманот, како и на лидерите за квалитетот на ревизијата во Deloitte Северна Македонија континуирано да го следат квалитетот на ревизијата и да преземаат итни активности;
- Програма за специфични “health checks” кои му помагаат на лидерот за квалитет на ревизијата во Deloitte Северна Македонија во проценката на прогресот и идентификацијата на потенцијалните проблеми во тековните ангажмани;
- Вкупните резултати следени за време на ревизијата се оценуваат за да се утврди дали е потребна дополнителна комуникација и поддршка на тимот за ревизија во однос на примената на методологијата или нејзините промени.

## Преглед на ангажмани

Клучните компоненти на оценувањето на ангажманите (*internal practice reviews*) вклучуваат:

- Селекција на ангажмани на основа на проценка на ризик и земање во предвид на сите главни индустрии кои користат услуги од Deloitte Северна Македонија;
- Задолжителен панел на мерки за да се задржи доследноста во наодите и рејтингот на ангажманите;
- Екстерните партнери и заменици кои ги надгледуваат оценувањата на праксите постојано се зголемува;
- Идентификација на соодветните ресурси (внатре во Deloitte Северна Македонија како и во други локации на Deloitte) со соодветното знаење и експертиза во индустриите, вклучувајќи и формирање на централни тимови за преглед.

## Преглед на систем за контрола на квалитет *(SQC)*

*SQC* вклучува бројни елементи како документирање на клучните области на *SQC* процесите и контролите, како и извршување на процедури за тестирање на оперативната ефективност на *SQC,* вклучувајќи и извршување на детален *SQC* програма за оценување.

Употребени заедно со други метрики, индикаторите за квалитет на ревизијата *(AQIs)* дополнително му помагаат на Deloitte Северна Македонија во развојот и мониторирањето на акционите планови за контрола на квалитетот на ревизијата, и известување за напредокот. Индикаторите за квалитетот на ревизијата се интегрирани во тековните активности за контролата на квалитетот на ревизијата.

Дополнително, соодветниот тајминг и секвенцирањето на ревизорските активности, вклучувајќи и навремен преглед на извршената работа, како и разрешувањето на идентификуваните прашања, се тесно поврзани со високиот квалитет на ревизиите. Клучните точки на квалитетот на ревизијата имаат за цел да обезбедат доследност на тимовите на ангажманот во проектниот менаџмент, временска рамка за завршувањето на работата, како и потребниот фокус на распоредување на ресурси на ангажманот вклучувајќи и достатност и експертиза на ангажираните ресурси.

## Анализа на причински фактор и корекција

Фокусирањето на постојаното подобрување е од суштинско значење за подобрувањата на квалитетот на ревизијата. Разбирањето зошто се појавуваат недостатоци во ревизијата е од суштинско значење за дизајнирање на ефективни активности за санирање на наодите. Понатаму, активности се преземаат кога се утврдени недостатоци во извршувањето на ревизорскиот ангажман. Поправката на ниво на ангажман е императив да се поттикне континуирано подобрување на квалитетот на ревизијата и да се избегнат идните слични наоди. Планот за квалитет на ревизијата на Deloitte Северна Македонија предвидува ефективно спроведување и следење на клучните приоритети за квалитет на ревизијата.

## Надворешни контроли

Покрај сопствениот систем за контрола на квалитетот на Deloitte Северна Македонија, ние сме предмет и на надворешни контроли од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија. Последната контрола на квалитетот Последната надворешна контрола согласно член 19 од Законот за ревизија (Службен весник бр. 158/10) е извршена во ноември 2020 година, со оценка задоволително.

**Изјава за ефективноста на функционирањето на системот за интерни контроли на квалитетот**

Deloitte Северна Македонија потврдува дека целосно сме задоволни од ефективноста на нашиот систем на интерни контроли кој ни овозможува навремено идентификување на областите на кои им е потребно подобрување. Постојано бараме начини за подобрување на сите аспекти на нашето работење и ги активно ги следиме сите препораки на внатрешните и надворешните контроли, а со цел подобрување на системот за контрола на квалитетот.

# Независност, етика и дополнителни обелоденувања

## Deloitte Северна Македонија: Независност

Воспоставува **Политики и процедури за независност** во согласност со Кодексот на етика на професионалните сметководители објавен од страна на Одборот за Меѓународни стандарди за етика за сметководители. Тие извршуваат целосна проверка на независноста на секои 3 години; годишни испитувања на off-cycle години; како и длабински follow-up испитувања доколку е потребно.

Врши **тековен мониторинг** на активностите на друштвата – овозможувајќи континуирано подобрување на политиките, контролите на квалитет, алатките и активностите за поддршка на работата.

Користи **информациски системи и бази на податоци** за да им овозможи на вработените информации за друштвата со цел да се обезбеди усогласеност со личните и професионалните барања за независност, вклучувајќи и финансиски интерес и одобрување на опсегот на услугите.

Ја поддржува **свесноста за независноста** преку учества во различни лидерски групи независност, периодична комуникација и предупредувања, развој на упатства, учење и инструкции.

### Независност на Deloitte Северна Македонија

Deloitte Северна Македонија има воспоставени политики и процедури за независност, кои подразбираат спроведување на одредени проверки усогласени со барањата за независност. Овие политики и процедури се засновани на Политиката за независност на Deloitte,, дополнети со националните или регионалните барања кои може да бидат и порестриктивни од Кодексот. Раководството на Deloitte Северна Македонија ја засилува важноста на усогласеноста со независноста и поврзаните стандарди за контрола на квалитетот. Усвоени се стратегии и процедури за комуникација на важноста на независноста со партнерите, другите вработени како и персоналот за поддршка, кои ја нагласуваат одговорноста на секој индивидуално за разбирање и усогласување со барањата за независност. Директорот на Политиката за независност е одговорен за надгледување на прашањата за независност во рамките на фирмата-членка, вклучувајќи го дизајнот, имплементацијата, работењето, следењето и одржувањето на системот за контрола на квалитетот поврзан со независноста.

Клучните елементи на системот за контрола на квалитет кој Deloitte Северна Македонија ги имплементира во согласност со политиките, го вклучува следното:

- Прифаќање и мониторинг на ангажманот
- Следење на должината на соработката помеѓу партнерите и стручниот персонал со клиентите;
- Анализа и следење на деловните односи;
- Употреба на алатки за ускладеност на работните процеси со барањата за независноста, вклучувајќи ги системот за претрага на правни лица и усогласеност *(DESC)*, апликацијата за следење на барања за услуги *(SRM)*, глобалниот систем за мониторинг на глобалната независност *(GIMS);*
- Програма за инспекција и тестирање, годишно и, доколку е потребно, потврди за независност и процедури за консултации за следење на усогласеноста на поединците со барањата за независност;
- Консултации кои вклучуваат идентификација на лица за контакт за прашањата на независноста;
- Процедури за идентификување и анализа на неусогласеноста со барањата за независност и примена на соодветни дисциплински мерки и процедури;
- Обука и комуникација за независност.

Во текот на годината беше спроведена внатрешна контрола на усогласеноста со политиките и барањата за независност, за што беше издаден извештај на 15 декември 2021 година.

**DESC**

Систем за пребарување и усогласеност на правни лица

Сеопфатна база на податоци за пребарување, која содржи информации за конкретни правни лица релевантни за идентификување на личните и професионалните ограничувања на независноста

**SRM**

Апликација за следење барања за услуги

Апликација интегрирана со системот DESC која овозможува стандарден тек на деловни процеси при поднесување и прелиминарно одобрување и барања за услуги на клиентите

**GIMS**

Глобален систем за мониторинг на независноста

Апликација која содржи податоци за финансиските односи според релевантните индикатори за усогласеност со барањата за независност на ревизорот

## Барања за партнери и стручен кадар во однос на должината на соработката со клиентите

Deloitte Северна Македонија одржува политики и процедури кои бараат ротација на клучните партнери и персоналот за ревизија. Тие се во согласност со барањата за ротација поставени за субјект од јавен интерес како што е дефинирано во Законот за ревизија во Законот за ревизија на РСМ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16, и 83/18 и Службен весник на Република Македонија бр. 122/21), ("ПЈИ"). Во случај на ПЈИ, лицата одговорни за вршење на законска ревизија не треба да работат на ПЈИ повеќе од седум последователни години на позиција на лиценцирани овластени ревизори. Тие нема повторно да учествуваат во законската ревизија на ревидираните ПЈИ пред истекот на две години по престанокот на таквата услуга. Во текот на *cooling-off* периодот од две години, клучниот партнер за ревизија нема да учествува во ревизијата на правното лице кое е предмет на ревизија, да врши проверка на контролата на квалитетот на ангажманот, да се консултира со тимот на ангажманот или правното лице кое е предмет на ревизија во врска со технички или прашања кои се специфични за индустријата, трансакции или настани кои на друг начин директно влијаат на исходот од законската ревизија.

Покрај тоа, потребна е ротација на друштвата за ревизија кај банките, инвестициските фондови, друштвата за управување со фондови и осигурителните компании, и тоа по пет последователни години проследено со една година *cooling-off* период во согласност со Законот за банките, Законот за инвестициски фондови и Законот за супервизија на осигурувањето. И покрај тоа што примарна одговорност на поединците кои се клучни партнери за ревизија да осигураат дека ги исполнуваат барањата за ротација, Друштвото спроведе процес на следење кој меѓу другите анализи на клиентските портфолија и лицата назначени во различни улоги на законските ревизии и разгледување на соодветна надлежност, вклучува и способност, обем на работа и достапност на законските ревизори, со цел да им се овозможи на овие лица соодветно да ги исполнат своите одговорности како клучни партнери на ревизија.

## Етика

Од сите професионалци на Deloitte Северна Македонија се очекува да дејствуваат со интегритет во согласност со високите етички стандарди како што е опишано во Кодексот на однесување на Deloitte Северна Македонија („Кодекс“) и ги дефинира обврските што сите професионалци на Deloitte Северна Македонија ги преземаат во однос на етичките стандарди, како и објаснување на одговорностите на секој поединец пред нивните клиенти, колеги и општеството.

Дополнително на Кодексот, другите основни елементи на етичката програма на Deloitte Северна Македонија вклучуваат програма за обука и комуникации и воспоставени канали за известување поддржани со дефинирани протоколи за управување со инциденти. За континуирано подобрување, се спроведуваат редовни проценки и прегледи на програмата, а се собираат повратни информации од Deloitte Северна Македонија преку годишно истражување за етика. Deloitte Северна Македонија одржува политики и процедури и е дизајниран да обезбеди разумно уверување дека неговите професионалци се усогласени со релевантните етички барања.

Етичките барања за ревизија и поврзаните услуги за уверување што ги обезбедува Deloitte Северна Македонија се во согласност со Законот за ревизија и други законодавства специфични за индустријата. Deloitte Северна Македонија, исто така, се усогласува со сопствените политики и процедури, кои се усогласени со барањата и упатствата утврдени во меѓународниот Кодекс за етика за професионални сметководители издаден од Одборот за етички стандарди за сметководители, тело за поставување стандарди на Меѓународната Федерација на сметководители (*IFAC*).

Кога националните професионални барања се порестриктивни од политиките и процедурите на Deloitte Северна Македонија, Deloitte Северна Македонија ги следи важечките национални барања.

Deloitte Северна Македонија ја зајакнува својата посветеност на етика и интегритет преку алатки за комуникација, програми за учење, процеси на усогласеност и системи за мерење. Дополнително, Deloitte Северна Македонија бара од сите партнери, други професионалци и помошен персонал годишно да потврдуваат дека го прочитале и разбрале Кодексот на однесување на Deloitte Северна Македонија и разбираат дека е нивна одговорност да се усогласат со него.

# Етиката на Deloitte

**Deloitte е посветен на бизнис чии квалитети се чесност, препознатлив квалитет и високи стандарди на професионално однесување.**

Принципите на Deloitte за деловно однесување ги дефинираат етичките напори и очекувања на Deloitte и обезбедуваат силна основа во етичките принципи. Основите на програмата за етика се состојат од следниве елементи:

- Принципи на деловно однесување
- Политики во врска со етички прашања, вклучувајќи политики за неприменување на одмазда и политики против дискриминација и вознемирувања
- Канали на известувања и протокол за управување со инциденти
- Оценка на програма низ годишно анкетно истражување за етичките прашања
- Годишна оценка и програм на редовна контрола на работа
- Програми за едукација и соопштувања од областа на етиката



# Моделирање на иднината на ревизорската професија

Deloitte Северна Македонија проактивно се ангажира со низа други актери - вклучувајќи креатори на политики, регулатори, инвеститори, директори на компании, претседатели на одбори за ревизија и други тела - за да помогне ревизијата и режимот на корпоративно управување и известување да продолжат да се развиваат за да ги задоволат општествените потреби и да служат на нивната цел во промовирање на доверливост и доверба на пазарите на капитал. Сите овие актери играат важна улога во поддршката на обезбедувањето релевантни информации од јавен интерес. Напорот за иновации во ревизијата ја одразува посветеноста на Deloitte Северна Македонија за подобрување на денешната ревизија, како и воспоставување на долгорочна визија за иднината на ревизијата.

# Прилози

# Прилог А | Финансиски информации

Во 2021 година, Deloitte Северна Македонија направи промет во вкупна вредност од 61.983.691,00 МКД поделен по вид на услуги дадени во табелата подолу:

| Приход | МКД |
|---|---|
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно МСР) | 28,622,875.00 |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC, прифатени и објавени во Северна Македонија) | 493,106.00 |
| Даночни советодавни услуги (услуги на сметководство, консалтинг, интерна ревизија и други услуги | 7,214,551.01 |
| Други неревизорски услуги (обуки и други услуги) | 22,707,890.99 |
| Останато | 2,945,268.00 |
| **Вкупен приход** | **61.983.691,00** |

# Прилог Б | Список на Друштва

Список на Друштва кај кои е извршена законска и договорна ревизија од Deloitte ДОО Скопје во текот на деловна година 2021 година:

| Назив |
|---|
| ДОО СИНПЕКС Битола |
| ИТХР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје |
| ВИНЕРБЕРГЕР ДООЕЛ Виница |
| ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје |
| ИТД ДИСТРИБУЦИЈА ДОО увоз-извоз Скопје |
| Алкалоид АД Скопје |
| ДС СМИТХ АД Скопје |
| ХАЛК БАНКА АД Скопје |
| АД Печатница "Киро Д. Дандаро" заштитно друштво - Битола |
| АД АЛАЈАНС УАН МАКЕДОНИЈА Кавадарци |
| Алкалоид КОНС ДООЕЛ Скопје |
| ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје |
| Народна банка на Република Македонија |
| НЕТЦЕТЕРА ДООЕЛ СКОПЈЕ |
| ЛИМАК ДОО Скопје |
| МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје |
| МА ГАМИНГ ДООЕЛ Скопје |
| Макотен ДООЕЛ Гевгелија |
| Ген-и Продажба на струја ДООЕЛ Скопје |
| МИ-ДА Гранд Моторс ДОО Скопје |
| АССЕКО СЕЕ ДООЕЛ Скопје |
| ПЕЈТЕН ДООЕЛ Скопје |
| МВМ ПАРТНЕР ДООЕЛ Скопје |
| ТЕЛАМОН ДООЕЛ Скопје |
| ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје |
| ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВОТ АД Скопје |
| ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје |
| ХСЕ МАК ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје |
| ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден |
| КРАШКОМЕРЦ ДООЕЛ - СКОПЈЕ |
| СТУДИО МОДЕРНА ДООЕЛ СКОПЈЕ |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ |
| Секретаријат за европски прашања |

| |
|---|
| МИКРОСОФТ ДООЕЛ Скопје |
| ФЛОРОЗОН Скопје |
| АМФЕНОЛ ТЕХНОЛОЏИ МАКЕДОНИЈА дооел Кочани |
| Ериксон Телекомуникации Македонија ДООЕЛ експорт-импорт |
| Волво Македонија ДООЕЛ Скопје |
| Телеперформанс Дооел Скопје |
| ТОЈОТА АВТО ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје |
| Либерти АД Скопје |

Deloitte.

Deloitte се однесува на едно или повеќе лица на Deloitte Touche Tohmatsu Limited („DTTL“), нејзината глобална мрежа на здруженија членки и нивните поврзани ентитети (заедно: „Deloitte Organization“). DTTL (исто така познат како “Deloitte Global”и сите негови членки и поврзани ентитети правно се посебни и независни субјекти, кои не можат да бидат обврзани или одговорни еден кон друг во однос на трети страни. DTTL и секоја DTTL членка фирма и секој поврзанентитет се одговорни само за своите постапки и пропусти и не се одговорни за постапките на другите. Deloitte не обезбедува услуги за клиентите. За повеќе информации, посетете ја www.deloitte.com/about.

Deloitte е водечка глобална организација која обезбедува услуги за ревизија и уверување, деловен, финансиски, даночен и правен консалтинг и консалтинг за управување со ризик. Deloitte дава поддршка на најголемите светски компании (четири од петте Fortune Global 500® компании) преку глобално поврзана мрежа на фирми-членки во повеќе од 150 земји. За да дознаете повеќе за тоа како приближно 312.000 професионалци на Deloitte придонесуваат, не само за успехот на клиентите, туку и за целата заедница, посетете ја www.deloitte.com.

Оваа деловна комуникација содржи само општи информации и соодветно, ниту една фрима членка на глобалната мрежа Deloitte Touche Tohmatsu Limited („DTTL“) или која било од нејзините поврзани лентитети (заедно „Deloitte организација“) не обезбедува професионални совети или услуги преку оваа публикација. Пред да донесете каква било одлука или да преземете каква било акција што може да влијае на вашите финансии или бизнис, треба да се консултирате со квалификуван професионален советник.

Не се даваат никакви забелешки или гаранции (изразени или имплицирани) во однос на точноста или комплетноста на информациите во оваа комуникација, а DTTL, нејзините фирми членки, поврзани ентитети, вработени или агенти нема да бидат одговорни за каква било штета претрпена од кое било лице директно или индиректно користејќи информациите од оваа публикација. DTTL и неговите членки правно се посебни и автономни ентитети.

© 2022. За информации, контактирајте со Deloitte Северна Македонија